Уп. бр. 08-73

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од друштвото Јилдирим Интернешенл Инвестмент Холдинг Б.В. со регистрирано седиште на Проф. В.Х. Кеесомлаан бр.5 1183 ДЈ, Амстелвеен, Холандија, доставено преку адвокат Мартин Иванов од Скопје, на седницата одржана на ден 26.04.2024 година, го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

1. Се утврдува дека концентрацијата со која Јилдирим Интернешенл Инвестмент Холдинг Б.В. со регистрирано седиште на Проф. В.Х. Кеесомлаан бр.5 1183 ДЈ, Амстелвеен, Холандија ќе стекне индиректна единствена контрола над средства во сопственост на КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД Скопје со регистрирано седиште на ул. Ваил Иљоски бр.3, Скопје, Република Северна Македонија, кои средства претходно биле во сопственост на Трговско друпштво заископ на руди, производство на метали, трговја и услуги ЕУРОНИКЕЛ ИНДУСТРИ ДОО с. Возарци, Кавадарци - во стечај, со седиште на населено место без уличен систем Возарци, Кавадарци, Северна Македонија и на Друштво за производство, трговија, промет и услуги НОВА РЕФРАКТОРИ ДОО Пехчево, со седште на Индустриска бр.6, 2326 Пехчево, Северна Македонија,  иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 05.04.2024, а дополнето на ден 17.04.2024,

до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за концентрација од страна на Јилдирим Интернешенл Инвестмент Холдинг Б.В. со регистрирано седиште на Проф. В.Х. Кеесомлаан бр.5 1183 ДЈ, Амстелвеен, Холандија, со која Јилдирим Интернешенл Инвестмент Холдинг Б.В ќе стекне индиректна единствена контрола над средства во сопственост на КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД Скопје со регистрирано седиште на ул. Ваил Иљоски бр.3, Скопје, Република Северна Македонија, кои средства претходно биле во сопственост на Трговско друпштво за ископ на руди, производство на метали, трговја и услуги ЕУРОНИКЕЛ ИНДУСТРИ ДОО с. Возарци, Кавадарци - во стечај, со седиште на населено место без уличен систем Возарци, Кавадарци, Северна Македонија и на Друштво за производство, трговија, промет и услуги НОВА РЕФРАКТОРИ ДОО Пехчево, со седште на Индустриска бр.6, 2326 Пехчево, Северна Македонија.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истото го утврди следното:

Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

**- Јилдирим Интернешенл Инвестмент Холдинг Б.В.** . е холандска компанија за управување со средства, холдинг на меѓународниот конгломерат Јилдирим Груп, кој има двојно седиште во Амстелвен, Холандија и Истанбул, Турција. Главната активност на Јилдирим Интернешенл Инвестмент Холдинг Б.В. се состои главно од делување како холдинг и финансиска компанија.Јилдирим Интернешенл Инвестмент Холдинг Б.В. е крајното холдинг душтво чии удели се во сопственост на членовите на семејството Јилдирим.

Јилдирим Интернешенл Инвестмент Холдинг Б.В. е член на Групацијата Јилдирим, вертикално интегриран индустриски конгломерат базиран во Истанбул, Турција и Амстелвен, Холандија. Групацијата Јилдирим работи во следните индустрии: рударство и феролегури, вештачки ѓубрива и хемикалии, јаглен и кокс, енергија, управување со пристаништа, превоз, бродоградба, изградба на недвижнини, градежништво и приватен капитал.

За целите на оваа трансакција, Јилдирим Интернешенл Инвестмент Холдинг Б.В. во Северна Македонија има следните поврзани друштва:

**-Друштво за производство, трговија, промет и услуги КИНГМЕН РЕФРАКТОРИС ДООЕЛ Скопје**, со седиште на Бул. 8 Септември бр.16, кат 2 / Хипериум – Бизнис Центар, Скопје, Северна Македонија, со деловни активност кои се состојат од производство на огноотпорни производи;

**-Друштво за производство на метали ДАБЛ ИГЛ НИКЕЛ ДООЕЛ Скопје**, со седиште на Бул. 8 Септември бр.16, кат 2 / Хипериум – Бизнис Центар, Скопје, Северна Македонија, со деловни активност кои се состојат од производство на други обоени метали и

-**Друштво за производство, трговија услуги ЊУ НОВА ЕНГИНЕЕРИНГ ДООЕЛ Скопје**, со седиште на на Бул. 8 Септември бр.16, кат 2 / Хипериум – Бизнис Центар, Скопје, Северна Македонија и деловна активност-производство на други фабрикувани метални производи.

Трансакцијата вклучува стекнување на средства во сопственост на **КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД Скопје** кои средства претходно биле во сопственост на:

-**ЕУРОНИКЕЛ ИНДУСТРИ ДОО** с. Возарци, Кавадарци - во стечај чии деловните активности се состојат од производство на висококвалитетен фероникел за употреба во индустријата за производство на нерѓосувачки челик. ЕУРОНИКЕЛ ИНДУСТРИ ДОО поседува и управува со фабрика за преработка на никелна руда во Кавадарци, Северна Македонија. Главните деловни активности се преработка на никелова руда и производство на производи од фероникел и производи поврзани со фероникел за употреба во индустријата за производство на нерѓосувачки челик.

-**НОВА РЕФРАКТОРИ ДОО Пехчево** чии деловни активности се состојат од производство на огноотпорни производи. НОВА РЕФРАКТОРИ ДОО Пехчево е основана во декември 2013 година, кога се стекна со постоечката фабрика за огноотпорни материјали и средствата во Пехчево, Северна Македонија. Самата фабрика работи од 1949 година, првично како друштво во државна сопственост со назив „Црвена ѕвезда“, со повеќе од 65-годишно искуство во производство на висококвалитетни огноотпорни материјали.

Пред Трансакцијата, целните средства се под целосна контрола на Комерцијална Банка што претставуваат недвижен и движен имот во поранешна сопственост на НОВА РЕФРАКТОРИ ДОО Пехчево и ЕУРОНИКЕЛ ИНДУСТРИ ДОО.

По спроведување на трансакцијата КИНГМЕН РЕФРАКТОРИС ДООЕЛ Скопје ќе стекне одредени деловни средства (претпријатие) од продавачот Комерцијална Банка кои претходно биле во сопственост на НОВА РЕФРАКТОРИ ДОО Пехчево и ЕУРОНИКЕЛ ИНДУСТРИ ДОО, а ДАБЛ ИГЛ НИКЕЛ ДООЕЛ Скопје ќе стекне одредени деловни средства (претпријатие) од продавачот Комерцијална Банка кои претходно биле во сопственост на ЕУРОНИКЕЛ ИНДУСТРИ ДОО.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Упатство за правно средство:

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ана Николоска**